ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-162/11**

**Дата: 03.12.2010**

ДО

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
„ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека СУГС „Јосип Броз Тито“ има извршено исплати по основ на интелектуални услуги кон лица кои се вработени во училиштето за вршење на работни задачи кои се редовни обврски за нормално одвивање на наставниот процес. Училиштето нема обезбедено релевантна документација за земјиштето со кое располага на денот на ревизијата. За неколку извршени набавки не е спроведена постапка за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје ревизијата препорачува да се изврши ажурирање на правилникот за внатрешна организација систематизација на работните места, да продолжат активностите околу утврдувањето на точната површина на земјиштето кое е дадено на користење на училиштето, а потоа да се спроведат сметководствени корекции на вредноста на истото и применат утврдените постапки предвидени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

– М-р Снежана Мироновска, директор од 22.04.2004 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.08.2010 до 30.09.2010 кај Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.09.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-162/3 од 15.10.2010 година.

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2009 година не е извршен во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следните причини:

- Податоците кои се наведени во пописните листи се добиени од сметководството пред вршењето на физичкото броење што е во спротивност со член 33а од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници;
- Не е извршен попис на обврските и побарувањата, со што не е утврдена нивната фактичка состојба;
- Материјалните средства не се означени со инвентарен број што во голема мерка го отежнува вршењето на пописот;

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

**Препорака**
Директорот на училиштето да преземе активности за спроведување вонреден попис при што целокупната опрема со која располага СУГС да биде обележана со инвентарни броеви и да се пропишат соодветни процедури и постапки за правилно спроведување на пописот согласно законските прописи.

3.1.2 Во текот на 2009 година извршено е зголемување на вредноста на земјиштето со површина од 12.675 м2 во сопственост на Република Македонија, дадено на користење на СУГС „Јосип Броз Тито“ за износ од 386,860 илјади денари. Зголемувањето на вредноста е врз основа на известување за проценета вредност од страна на Комисијата за проценка на недвижен имот на Град Скопје. Во 2009 година по предлог на Државното правобранителство поведена е постапка за одземање на правото на користење на дел од ова земјиште, за изградба на објект од јавен интерес – театар. Со решение на МФ – Управа за имотно правни работи правото на користење на дел од земјиштето во вкупна површина од 3.480 м2 е одземено од СУГС „Јосип Броз Тито“ во корист на Република Македонија со што вкупната површина на земјиштето дадена на

користење на училиштето е намалена. И покрај ангажманот на субјектот на ревизија во врска со обезбедување на потребната документацијата, истата не ни беше презентирана поради што не бевме во можност со сигурност да ја утврдиме точната површина на земјиштето со која СУГС „Јосип Броз Тито“ располага на ден на 31 Декември 2009 година. Поради ова изразуваме несигурност во поглед на реалноста и објективноста на искажаниот износот од 456.300 илјади денари на позицијата Земјишта во Билансот на состојба.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето во соработка со надлежните органи да ги продолжат активностите околу утврдувањето на точната површина на земјиштето кое е дадено на користење на училиштето и обезбедувањето на потребната документација. По завршувањето на овие активности да се спроведат неопходните сметководствени корекции на соодветната позиција во Билансот на состојба.

**3.1.3** СУГС „Јосип Броз Тито“ на ден 24.06.2008 година има примено информатичка опрема за потребите на проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“. Поради забележани значителни оштетувања на опремата во периодот од септември 2008 до декември 2008 година, од страна на директорот на училиштето формирана е комисија со задача да ја констатира фактичката состојба со информатичката опрема која била дадена на користење на училиштето. Комисијата изготвила записник при што утврeдена е штета од 49 куќишта за компјутери целосно празни, 26 куќишта делумно празни, недостаток на 51 монитор и 5 оштетени, недостаток на 302 терминала и еден оштетен, недостаток на 50 тастатури и 309 оштетени и 372 оштетени глувчиња. По утврдената состојба, од страна на директорот на училиштето, доставена е кривична пријава против непознат сторител до Основното јавно обвинителство - Скопје. Причините за ваквата состојба се невоспоставени пишани процедури за материјално задолжување и одговорност и непостоење на интерен акт за надомест на констатирана штета. Наведеното не е во согласност со член 30 и 30-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Од страна на одговорните лица во училштето поведена е иницијатива за материјално задолжување на учениците, меѓутоа списоците за задолжување ги содржат само имињата на учениците, но не и спецификација на видот и серискиот број на задолжената опрема. Вкупната вредност на опремата која недостасува изнесува 3.478 илјади денари, а вредноста на оштетената опрема изнесува 564 илјади денари пресметано според известување за вредноста на поединечната опрема добиено од Министерството за образование и наука. Оваа опрема е евидентирана и раскнижена во сметководствената евиденција по проценета вредност од страна на стручна комисија, која е пониска од вредноста утврдена во добиеното известување од МОН. Ваквата состојба нема финансиски ефект на

Билансот на состојба, но упатува на материјалноста на настанатата штета која требало да биде евидентирана во сметководствената евиденција.

**Препорака**
Училишниот одбор да усвои пишани процедури со кои ќе се утврди начинот и лицата на материјалното задолжување со компјутерската опрема и интерен акт за надомест на штета во кој ќе бидат предвидени одредби за утврдување на висината на настанатата штета на компјутерската опрема и начинот на нејзино надоместување од страна на сторителот.

3.1.4 Со извршените детални тестирања на соодветните позиции во Билансот на состојбата ги утврдивме следниве состојби:

- СУГС „Јосип Броз Тито“ не ги евидентира сметководствено обврските кон добавувачите, иако истите ги заведува во книга на влезни фактури што не е во согласност со член 2 и член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради ова одговорните лица во училиштето немаат увид во фактичката состојба на доспеаните обврски, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи и може да доведе до судски спорови со добавувачите.
- Не е воспоставена девизна благајна за купените девизи за потребите на службените патувања на дел од вработените во училиштето што не е во согласност со член 19 од Законот за буџети и буџетски корисници. Поради ваквата состојба одговорните лица во училиштето немаат увид во располагањето со девизните парични средства во благајната.

**Препорака**
Одговорниот сметководител да изврши целосно и навремено евидентирање во сметководствената евиденција на сите влезни фактури и да обезбеди целосна, точна, објективна и навремена евиденција на соодветните позиции во Билансот на состојба.

3.1.5 Училиштето има извршено набавки на материјали за административно работење, хигиенски материјали и ситен инвентар за одржување на училиштето кои согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници целосно не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните конта за залихи. Најчеста пракса е при приемот на материјалите истите да се ставаат во употреба, иако сите количини не можат веднаш да се потрошат. СУГС нема воспоставено материјалната евиденција на набавените материјали и ситен инвентар, што упатува на необезбедена материјална одговорност од лицата кое ракуваат со нив. Ваквата практика придонесува одговорните лица во училиштето да немаат точен податок за видот и количеството на материјали кој ги поседува училиштето, што го оневозможува планирањето на идните набавки според реалните потреби, создава ризик од нерационално користење и има за ефект

нереално и необјективно прикажување на состојбата на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба.

**Препорака**

Да се воспостави материјална евиденција врз приемот и издавањето на залихите на материјали и ситен инвентар и да се изврши материјално задолжување на лицата одговорни за магацинското работење.

**Биланс на приходи и расходи**

**3.1.6** Во текот на 2009 година извршени се исплати на неколку лица редовно вработени во училиштето по основ на договори за вршење интелектуални услуги (изработка на распоред на часови, зголемен обем на пристигнати фактури и внес на податоци во главната книга за државна матура) и за исплата на надоместоци на вработени за неискористен годишен одмор. Наведените работни задачи се редовни обврски кои училиштето треба да ги извршува со цел да обезбеди нормално одвивање на наставниот процес, и еден дел од нив се предвидени како редовни работни обврски на вработените во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места. Исплата на дополнителни надоместоци на вработени лица за обавување на работни задачи кои се дел од редовните работни обврски на училиштето не е предвиден во законските и подзаконските акти кои ја регулираат работата на средношколските образовни установи. Извршената исплата на надоместоци за неискористен годишен одмор на вработени не е согласност со член 145 од Законот за работни односи според кој ништовна е секоја спогодба помеѓу работникот и работодавецот со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.
Ваквата состојба има за ефект исплата на средства без правен основ во вкупна висина од 122 илјади денари.

**Препорака**

СУГС „Ј. Б. Тито“ да изврши ажурирање на правилникот за систематизација на работните места во кој наведените работни задачи ќе бидат предвидени како редовни работни обврски на вработените и да се прекине праксата дел од вработените да не го користат правото на годишен одмор со што би се елиминирала можноста за исплата на дополнителни надоместоци на вработените без правен основ.

**3.2 Користење на средства согласно законските прописи**

**Јавни набавки**

**3.2.1.** Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на улилиштето за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од

аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 9 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас, односно сите спроведени постапки на овој начин. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 1,251 илјади денари. Од извршениот увид ги утврдивме следните недостатоци:

- За дел од спроведените постапки за јавни набавки по пат на прибирање понуди не се доставени докази за потврдување на способноста за вршење на дејноста од страна на економските оператори што е обврска предвидена во член 102 од Законот за јавни набавки.
- За спроведените набавки за копирање, два програмски пакети, дополнителна компјутерска опрема во вкупен износ од 220 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на оглас во согласност со членот 100 од Законот за јавни набавки

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**

Стручните служби во СУГС „Ј. Б. Тито“ да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација од страна на економските оператори, како и навремено и транспарентно спроведување на постапките за сите извршени набавки во текот на годината.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките во точката 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3, 3.1.4 и 3.1.5 кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис, недостаток на документација од која може да се утврди точната површина на земјиштето, констатирани оштетувања на компјутерската опрема, неевидентирањето на обврските и невоспоставената материјална евиденција на набавените материјали и ситен инвентар ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3, 3.1.4 и 3.1.5 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точките 3.1.3, 3.1.6 и 3.2.1 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 25.11.2010 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 43.385 | 30.453 |
| **Вкупно приходи** | **43.385** | **30.453** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 36.114 | 24.756 |
| Стоки и услуги | 7.271 | 5.697 |
| **Вкупно тековни расходи** | **43.385** | **30.453** |
| **Вкупно расходи** | **43.385** | **30.453** |
| **Непокриени расходи** | **0** | **0** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | | 11 | | 0 |
| Залихи | | 503 | | 96 |
| **Вкупно тековни средства** | | **514** | | **96** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални добра и природни богатства | | 456.300 | | 69.440 |
| Материјални средства | | 25.795 | | 19.494 |
| **Вкупно постојани средства** | | **482.095** | | **88.934** |
| **Вкупна актива** | | **482.609** | | **89.030** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | | 11 | | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **11** | | **0** |
| Извори на капитални средства | | 482.598 | | 89.030 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **482.598** | | **89.030** |
| **Вкупна пасива** | | **482.609** | | **89.030** |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **88.934** | **96** | **89.030** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **393.875** | **407** | **394.282** |
| Набавки | 294 | 15 | 309 |
| Останати зголемувања | 5.957 | 392 | 6.349 |
| Стекнување без надомест | 386.860 | - | 386.860 |
| Ревалоризација на капитални средства | 764 | - | 764 |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **714** | - | **714** |
| Отпис на капитални средства | 19 | - | 19 |
| Амортизација | 695 | - | 695 |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **482.095** | **503** | **482.598** |